


## За Солар Македонија

Македонско здружение за сончева енергија Солар Македонија е стручно, научно, образовно и невладино здружение чија мисија е  е зајакнување на соработката меѓу македонските компании во секторот за сончева енергија (производители, изведувачи, увозници, трговци), како и поврзување на експерти и научници од сите научни гранки за промоција и поголема искористеност на обновливите извори на енергија. Организацијата работи на секое ниво во синџирот на добавување, од производство до сервис и одржување на сончевите енергетски системи, како и на промоција на сончевата енергија како одржливо решение за енергетските потреби.

## Основни информации

**Основана во 2006 година**

**21 членки**
**(поединци и компании)**

**17 спроведени проекти**

**Претседател:**
**Илија Насов**

## Подобрување на вештините, продуктивноста и вработувањата во македонските микро, мали и среди претпријатија кои работат со соларна енергија и опрема

Со цел постигнување на максимална употреба на сончевата енергија во земјата, Солар Македонија активно работи на обучување на работна сила и овозможување на добри пазарни услови за компаниите во секторот. Бидејќи Солар препозна дека квалитетно изработените сончеви системи можат значително да ја зголемат успешноста на компаниите, главната цел на овој проект е воведување на експертиза и професионалност во сектор за сончева енергија.

Дополнително, членовите на Солар Македонија поседуваат долгогодишно искуство и експертиза кои ги ставаат на располагање преку работилници, директни посети, како и лобирање со цел зголемување на капацитетите на работната сила во секторот и решавање на секторските предизвици за постигнување на долгорочен раст на компаниите за сончева енергија.

Овие активности на Солар Македонија се поддржани од Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем во Северна Македонија. Новите услуги развиени во рамките на овој проект се опишани на втората страна.

## Основни податоци за секторот за сончева енергија во Македонија

**100+ регистрирани компании**

**Несоодветна законска регулатива**

**Занемарливо учество во енергетскиот биланс**

**www.solar.org.mk ● Вељко Влаховиќ 18, Скопје, ● +389 70 205 635 ● ilija.nasov@yahoo.com**

## Нови услуги за приватниот сектор

### Обука за сончеви енергетски системи (за инженери, монтажери, архитекти)



Солар Македонија одржа две обуки за соларни системи (монтажа, димензионирање и сервис) преку кои беа обучени 51 кандидат од 17 фирми од сончевиот енергетски сектор во Северна Македонија. Солар Македонија се стреми кон целосна комерцијализација на овие обуки со цел одржливо работење на градењето на капацитетите на работната сила во секторот.

### Воведување на ISO9001 стандард



Со цел да се подобри квалитетот на работа  во компаниите што работат со сончева техника, Солар Македонија одржана работилница каде беа презентирани придобивките од воведување на ISO9001, а во рамките на проектот поддржавме три компании во процесот на имплементација на меѓународниот стандард ISO9001.

### Лобирање




Солар Македонија зема активно учество и во лобирање со цел решавање на системските проблеми во сончевиот сектор, како што се посоодветно дизајнирање на шеми за субвенционирање на термални системи и намалување на царинските стапки за компоненти коишто ги оптоваруваат домашните производители на сончеви колектори.

### Посета на саем INTERSOLAR 2019

*INTERSOLAR* е најголемиот саем за сончева техника во Европа кој секоја година се одржува во Минхен. Во 2019, Солар Македонија организираше посета на саемот за делегација од 10 претставници од компании од сончевиот сектор.

## Портфолио на спроведени проекти

### Учење преку работа (DO & LEARN) Еразмус+, 2016-1-MK01-KA201-021676, 2016-2018



Проект за изработка на  едукативна опрема за изучување на употребата на обновливите извори на енергија.

### RenewX, Развој и демонстрација на компактни технологии за размена на топлина со примена на обновливи извори на енергија (ОИЕ), ФП7, (ХОРИЗОНТ 2020)

Партнерски проект во кој беше изготвено решение за зголемување на ефикасноста и намалување големината на разменувачот на топлина или испарувачот.

### EAGLE, Развој и примена на динамична платформа за рангирање ОИЕ , ФП7 (ХОРИЗОНТ 2020)

Проект преку кој беше развиен систем кој автоматски може да обезбеди точни и објективни информации за соодветноста на технологијата за обновлива енергија за дадено корисничко сценарио.

*За целосната листа на проекти спроведени од Солар Македонија, ве молиме посетете ја нашата веб страна:*
[solar.org.mk/листа-на-завршени-проекти]